Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

### (5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

Обезбедување средства за електоронско/информатичка технологија

## ПР2. ЗАКОНСКА РАМКА И ПЛАНИРАЊЕ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Законска регулатива | →Етика и комуникација со јавност<br>→Законска регулатива во РМ |
| 2 | Планирање во ЕЛС | →Стратешко планирање во комуникацијата со јавност<br>→Годишна програма за комуникација<br>→Долгорочна стратегија за комуникација |
| 3 | Планирање кон надвор и организација | →Планирање и организирање настани<br>→Организација на прес конференции<br>→Организација на брифинзи<br>→Организација на интервјуа<br>→Организација на учество во РТВ емисии<br>→Организација на средби со граѓани<br>→Организација на Фокус групи<br>→Организација на отворени денови на ЕЛС<br>→Организација на јавни расправи по клучни прашања од интерес на локалната заедница |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ПР3. МАРКЕТИНГ И ДИЗАЈН

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Маркетинг | →Основи на маркетинг<br>→Интеграција на маркетинг и односи со јавност<br>→Насочен маркетинг во остварувањето на стратегиите на општината<br>→Улогата на маркетингот во подобрувањето на задоволството на корисниците на услуги<br>→Развој на маркетинг стратегија<br>→Планирање на кампања<br>→Маркетинг медиуми<br>→Користење на ИТ во маркетинг - бази на податоци<br>→Мејлинг листи<br>→Веб страница<br>→Социјални мрежи<br>→Маркетинг истражувања |
| 2 | Дизајн | →Дизајн и улогата на дизајнот во комуникацијата<br>→Дизајн на флаери, брошури и друг печатен материјал<br>→Дизајн на простор за комуникација со јавност<br>→Основи на видео дизајн |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ½ ден за една регионална група. Во 2011 година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# VII. ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 0 – општи карактеристики

Следејќи го светскиот тренд и обврските што произлегуваат за членство на Република Македонија во Европската Унија, донесени се низа закони и подзаконски акти, со цел за заштита на животната средина. Во постапката на имплементирање на законската регулатива за заштита на животната средина, обврска имаат и единиците на локалната самоуправа за спроведување на надлежностите од законската регулатива на својата територија. Со оглед на тоа за успешно спроведување на надлежностите кои произлегуваат од законската регулатива, детектирана е потребата од организирање на низа обуки со цел за успешно спроведување на одредбите согласно законската регулатива.

## 1 – Целни групи (ЦГ)

Вработени во ЕЛС задолжени за животна средина и комунални дејнсоти, како и инспектори. Државни службеници-советници и инспектори, раководители на одделенија/сектори.

## 2 – Цели и предмет на учење

Во врска со горенаведеното направена е анализа на законската регулатива за заштита на животната средина со цел да се детектираат надлежностите на единиците на локалната самоуправа , а со тоа и неопходноста за организирање на обуки за општинската администрација. Врз основа на направената анализа, односно од надлежностите на единиците на локалната самоуправа кои произлегуваат за спроведување на законската регулатива за заштита на животната средина, детектирана е неопходноста од спроведување на долунаведените обуки.

## ЖС1. РЕГИСТАР НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ И СУПСТАНЦИИ , ИЗВЕШТАИ И ЛЕАП

### 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Регистар на загадувачки материи и супстанции | →Врз основа на членот 41 од Законот за заштита на животната средина , ЕЛС можат да воспостават и да водат регистар на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики и истиот регистар еднаш месечно да го доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Иако оваа активност не е обврска која мора да се исполни , сепак истата тесно е поврзана со издадените |

| | | |
|---|---|---|
| | | интегрирани еколошки дозволи, односно имателите на дозволите се должни да го водат овој вид на регистар и да го досатвуваат до надлежниот орган. |
| 2 | Извештаи за состојбата на животната средина | →Сите видови извештаи кои мора да изработат и достават на органот органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, и истата може да се расчлени на повеќе потточки зависно од потреба на ЕЛС. |
| 3 | Изготвување плански документи ( ЛЕАП ) | →Планскиот документ ја утврдува промента на состојбата со животната средина во последните 5 години, и соодветно креира мерки и активности за заштита и унапредување, базирани врз консензус помеѓу локалната власт, граѓаните и невладиниот сектор. ЛЕАП-от се темели на реалните животни потреби на граѓаните, како и на економски оправданите решенија за надминување на идентификуваните проблеми во животната средина, како прв чекор кон креирање на амбиент на оддржлив равој на општините. →Претходно утврдени приоритети согласно определени критериуми за приоритетизација, →Утврдување и примена на принципите на оддржливиот развој →Постапка за изготвување на ЛЕАП |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ½ ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ЖС2. СЕА, ЕИА И ЕЛАБОРАТИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Учество на локалната самоуправа во постапката за студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина | →Во процесот на спроведување на определени проекти се јавува потреба од спроведување постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина , за која постапка е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Иако целата одговорност во спроведување на оваа постапка не е на локално ниво , сепак општините на чија територија се спроведува проектот имаат одредени обврски согласно Законот за животна средина. |
| 2 | СЕА | →Стратешка оцена на планска документација во надлежност на ЕЛС и последните измени по уредбата |
| 3 | Обука за Елаборати за заштита на животната средина | →Од 01.07.2009 година дел од Елаборатите за заштита на животната средина за кои правните и физичките лица кои во зависност од активностите и дејностите што ги извршуваат се должни да ги изработат преминаа во надлежност на локалната самоуправа. Како нова материја и дополнително оптоварување на локалната администрација се јавува потребата за спроведување на обука за одобрување на елаборатите за заштита на животната средина . |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ½ ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## **ЖСЗ. Б-ИСКЗ ДОЗВОЛИ**(не дозволи за усогласување со оперативен план )

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Издавање на Б интегрирани еколошки дозволи и водење на регистар | →Постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план не е завршена со издавање на самата дозвола. Целата постапка за издавање на интегрираните еколошки дозволи завршува со издавање на Б интегрирана еколошка дозвола, која постоечките оператори треба да ја добијат по исполнување на обврските од оперативниот план, па затоа се јавува потребата од организирање на обуки за спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи. |
| 2 | Пресметки | →Уредбите за надоместоците |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# ЖС4. ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОВИ, ПРОГРАМИ И КАРТИ

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Изготвување на надворешен план за вонредни состојби. | →Операторите на инсталациите согласно законот за животна средина се обврзани да изготват внатрешен план за вонредни ситуации и истиот да го достават до ЕЛС, кој пак врз основа на доставените планови , обврзани се да изготват надворешен план за вонредни состојби и истиот да се достави до надлежниот орган. Донесените планови ќе треба неодложно да се спроведат од страна на операторот но доколку се појави потреба и од локалната самоуправа во случај на хаварија или неконтролиран настан. Потребата од добро изработен надворешен план кој ќе биде применлив и издржан во справување со хаварии и неконтролирани ситуации ја детектира потреба од овој вид на обука. |
| 2 | Програма за отпад од батерии и акумулатори и постапување со отпад од пакување | →Согласно законите за постапување со отпад , ЕЛС се должни да достават програми до надлежниот орган. Овие програми воедно ќе претставуваат и насока за справување на локалната самоуправа со отпадот, кој пак е најголемиот проблем во сите општини. |
| 3 | Карти и акциски планови за заштита од бучава | →Согласно законот за бучава како основни плански документи се набројуваат :<br>- Стратешки карти за бучава, и<br>- Акциони планови за бучава<br>→изработка, донесување, користење и чување на стратешки карти за бучава во надлежност на локалната самоуправа ( за агломерации ). Истите се ревидираат и обновуваат на секои 5 години, а се контролираат од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. |
| 4 | Акциони планови за заштита на амбиентниот воздух и Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. | →Акциони планови за заштита на амбиентниот воздух<br>→Програми за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух<br>→Донесените програми и планови ќе треба да се реализираат од страна на локалната самоуправа што е под опсервација на надлежниот орган. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 2 дена за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)
Практични примери.

## ЖС5. ЗАКОН ЗА ВОДИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Изготвување на програми согласно Законот за води | →Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води,<br>→Програма за заштита од штетно дејство на водите во рамките на соодветниот речен слив,<br>→Оперативни планови за заштита и одбрана од поплави |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# ЖС6. ВОДЕЊЕ НА ОПШТИ УПРАВНИ ПОСТАПКИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Управни постапки за животната средина | →Сите акти и дејствија преку кои се изразуваат и извршуваат надлежностите на локалната администрација се означени како управни работи. Постапувајќи по сите закони кои ја опфаќаат областа за заштита на животната средина , можно е да дојде до спроведување на општа управна постапка согласно законот за Општа управна постапка. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група.  Во во тек на година, ќе се реализираат вкупно 2 регионални обуки (4 региони во една група).

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# VIII. ОБРАЗОВАНИЕ

## 0 – општи карактеристики

Процесот на децентрализацијата наметна и промени и дополнувања во законите за основно и средно образование, во законот за просветна инспекција беа предвидени одредби за поставување овластени општински просветни инспектори, а во систематизацијата на работни места во најголемиот број на општини беа предвидени работни места за советници за образование, како самостојни или вклучени во сектори, одделенија или друга форма на работен ангажман.
Составот на вработените во секторите или одделенијата за образование, како и на општинските просветни инспектори е различен и најголемиот дел од нив претходно работеле во образовниот систем како професори, наставници, директори, стручни соработници и сл. Помал број од овие лица работеле во други дејности или во други сектори во локалната самоуправа-јавни дејности, општествени дејности, култура и сл. Иако незначителен дел, но сепак мора да се потенцира дека има и вработени во делот за образование кои за првпат се вработиле токму во оваа област. Ги има од најразлични профили: правници, економисти, професори по различни наставни предмети, педагози, психолози и сл.
Работниот ангажман на одговорните за образование произлегува од описот на работните задачи во одредбите на систематизацијата на работни места каде се утврдени нивните надлежности, а пак за овластените општински просветни инспектори важат одредбите од законот за просветна инспекција и законите за основно и средно образование.

## 1 – Целни групи (ЦГ)

Просветни работници во ЕЛС и просветни инспектори, раководители на одделнија/сектори, наставнички кадар во основни и средни училишта. Одредени модули се од интерес и за лицата за односи со јавност и за човечки ресурси во ЕЛС.

## 2 – Цели и предмет на учење

Организираното спроведување на идентификација на потребата од обуки за одговорните за образование и општинските просветни инспектори е приоритет, со цел да се зајакнат капацитетите на тие лица во надминувањето на потешкотиите со кои се сретнуваат во секојдневното работење, особено во делот кој досега не бил покриен со обуки, како и за нововработените советници и општински инспектори во областа на образованието.
Во претходниот период низ мрежата на ЗЕЛС, по електронска пошта до одговорните за образование и општинските просветни инспектори беше доставен предлог со теми за обуки, по што најголемиот дел во нивните одговори ги прифатија темите како можни реални потреби за зајакнување на капацитетите за комуникација и комуникациски вештини, местото и улогата на советниците за образование, како и за управувањето на времето и акционото планирање.
Обуките се предвидени за одговорните за образование и општинските просветни инспектори во сите општини, како засегнати страни во онатамошниот развој на децентрализацијата во образованието.

# О1. СТРУКТУРА И ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 2 | Местото и улогата на советниците-одговорните за образование | →Потреби и можности<br>→корелација:градоначалник-основач (совет)<br>→одговорни за образование-ВОУ<br>→кореспонденција со ВОУ |

## 4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за сите членови на мрежата.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка) за советниците и просветните инспектори

# О2. ПРОСВЕТНИ ИНСПЕКТОРИ

## 03 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Управување на времето и акциско планирање | →поим<br>→цел на планирањето<br>→организација на времето<br>→процедури за работа<br>→годишен општ план (текстуален и табеларен)<br>→планирање на редовен надзор по области на надзор |

## 4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во 2011 година, ќе се реализираат вкупно 2 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка) за советниците и просветните инспектори

# IX. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## 0 – општи карактеристики

Воспоставувањето на ефикасен систем на локална самоупрва е императив и цел на секој градоначалник и  општинска администарција која се гледа од големите ветувања, односно желби да задоволат голем број на барања на граѓаните. Градењето на систем на квалитетни услуги во делот на надлежностите што ги имаат општините со процесот на децентрализација бара многу посветеност и време, но и многу искуство и пред се знаење, како еден најважен сегмент во развојот.
Концептот на човечкиот капитал не е релевантен само кон зголемување на ефикасноста во работењето на општините, туку и кон севкупниот економски развој во насока на подобрување на квалитетот и стандардот на живеење на граѓаните. Од аспект на микроекономско ниво новите теории на развојот (new growth theories) веќе го ендогенизираат техничкиот прогрес и се ориентираат кон едукацијата, истражувањето и развојот (R&D), што е уште еден доказ за потребата од системска едукација и тренинг на оние кои имат влијание на локалниот економски развој (ЛЕР).
Евидентираната потреба од формирање на ЗЕЛС - тренинг центарот како логистика е важен сегмент кој е прв чекор, но не значи дека е и доволен, а уште поважно е кој опфат и теми ќе се обработуват на трениг едукацијата, методологија на работа, пристапот и најважно кој ќе ја врши таа обука нивото на знаење, посветеност и искуство на едукаторите.

## 1 – Целни групи (ЦГ)

Земајќи во предвид дека општините во досегашното работење веќе имаат стекнато искуство и методи на работа и непотценувајќи го знењето на администрацијата, документот разработува систем на обуки сегментиран во три модули Модул А, Модул В и Модул С, кои се базирани на различни целни групи позициониорани по вертикала во нивото на одлучување.

МОДУЛ А - Корисник: АВТОРИТЕТИ
(ГРАДОНАЧАЛНИЦИ, СЕКРЕТАРИ И ПРЕТСЕДАВАЧИ НА СОВЕТИ)

МОДУЛ R - Корисник: РАКОВОДНИ ФУНКЦИИ
(Раководители на сектори или одделенија на ЛЕР)

МОДУЛ S – Корисник: СТРУЧНИ АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
(Стручни соработници и советници за ЛЕР)

## 2 – Цели и предмет на учење

Целта на овој документ е да даде една рамка во која ќе се движи едукативната програма на ЗЕЛС - тренинг центарот во делот  ЛЕР-от и ќе ги дефинира темите и опфатот на обуките. Основа за изборот на темите на овој документ се надлежностите во ЛЕР во согласност со Законот за локална самоуправа (член 22) кои го опфаќаат: планирањето на ЛЕР, одредување на развојни и структурни приоритети, спроведување и извршување на локално-

економските активности, подршка на МСП, претприемаштво на локално ниво, развој на мрежа на институции на локално ниво и промоција на партнерства.
Имајќи го во предвид претходно кажаното документот претставува коплементарна компилација од законски надлежности за ЛЕР, досегашни искуства и пракса и идни потреби и барања за развивање на една ефикасна администрација која успешно ќе спроведува активности и проекти од ЛЕР со целосен респект и не задирајќи во дирекните надлежности на други владини институции, како АДС во делот на обуки или спроведување на програми за подршка на МСП од страна на Министерство за Економија, како и други јавни и приватни инвестиции во надлежност на други агенци и институции.

# ЛЕР1. ПОДДРШКА НА МСП И ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Модели на соработка со МС П | →Соработка во инвестиции на јавни услуги<br>→Заедничка промиција и маркетинг<br>→Маркетинг и бизнис комуникација |
| 2 | Располагање со имот во функција на развојот | →Просторно планирање и искористување на градежно земјиште<br>→Искористување на деловен административен и индустриски простор (индустриски развојни зони, инкубатори исл)<br>→Искористување на човечкиот потенцијал во општината |

## 4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од ½ ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

## (5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

Потреба од средства за елстронско/информатичка технологија.

**ЛЕР2. ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛА И КУЛТУРА, животна средина)**

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Инвестиции | →физичка инфраструктура<br>→ човечки капитал<br>→ЕЕ/ОИЕ и животна средина<br>→Идентификација на инвестиции од ЕЕ/ОИЕ и животна средина<br>→Изработка на стратегиски документи<br>→Формирање на база на податоци |
| 3 | Подготовка на апликации и проекти | →Достапност/пратење на јавни огласи и програми за аплицирање<br>→Подготовка на различни типови на апликациони форми<br>→Коплетирање на документација за аплицирање |

## 4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од ½ ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# X. СООБРАЌАЈ

## 1 – Целни групи (ЦГ)

Инспектори по патен сообраќај

## C1.

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Регулирање на патниот сообраќај под надлежност на ЕЛС | →Прописи од патниот сообраќај (лиценци, дозволи, возен ред) и формулари |
| 2 | Општа управна постапка | →Управна постапка во делот на сообраќајната инспекција |
| 3 | Инспекциски надзор | →Примена на законот за инспекциски надзор во дел за локалните сообраќајни инспектори |

## 4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ½ ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

## (5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

# XI. ОБУКИ ЗА ИКТ

## 0 – општи карактеристики

Заради се постојниот раст во ИКТ во локалната самоуправа, како и новите законски обврски кои се однесуваат на локалната самоуправа во делот на ИКТ, се дефинираат одреден број на обуки кои се неопходни за администрацијата во локалната самоуправа.

## 1 – Целни групи (ЦГ)

Обуките за ИКТ се главно наменети за ИТ лицата вработени во општините, кои всушност се главните чинители кога во прашање се работите поврзани со информациските технологии во секоја општина. Меѓутоа, имајќи предвид дека и државните службеници од локалните самоуправи секојдневно во нивното работење се среќаваат со употреба на ИКТ, целна група на овие обуки ќе бидат и државните службеници од локалните самоуправи истотака.

## 2 – Цели и предмет на учење

Целта на овој документ е да даде една рамка во која ќе се базира програмата за обуки на ЗЕЛС - тренинг центарот во врска со натамошното развивање на употребата на ИКТ технологиите во работењето на локалните самоуправи. Обуките опфаќаат разни сегменти од полето на ИКТ технологиите во локалните самоуправи, меѓу кои се: користење и употреба на апликации од слободен софтвер, користење и употреба на GIS апликации, користење и употреба на бази на податоци, користење и употреба на сервер, користење и употреба на JOOMLA, користење на компјутер и употреба на Microsoft Windows (од XP до 7), користење и употреба на апликацијата Microsoft Office, користење и употреба на апликациите Corel Draw и Photoshop, користење и употреба на апликацијата Adobe Dreamviewer, обуки за законски регулативи, обуки за управување, анализи и моделирање, како и нови софтверски алатки и апликации.

# ИКТ1. ПОСТОЕЧКИ АПЛИКАЦИИ

## 3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Инсталација, конфигурирање и работа со некој од LINUX дистрибутивните пакети (FEDORA, UBUNTU…) | → Инсталирање на оперативни системи од слободен софтвер |
| 2 | Соодветни апликации кои се составен дел од пакетот (Open Office, Open Draw и др.) | → Прилагодување на соодветните апликации кои се користат во општините. |

| | | |
|---|---|---|
| | Инсталација, конфигурирање и работа со некој GIS софтвер (ARC GIS) | → GIS софтверот се користи во многу мал број на општини во Македонија.<br>→ Акцентот да се стави на вработените кои во општините се задолжени за урбанизам и комунално уредување<br><br>→ Искористување на соодветни компјутерски конфигурации, плотери, скенери од голем формат |
| 3 | Инсталација, конфигурирање и работа со бази на податоци(MS SQL – MYSQL) | →Несоодветното искористување на расположливите ресурси што се однесуваат на зачувување на податоците во соодветни бази на податоци.<br><br>→ Особено присутно кај општините кои немаат соодветен ИТ кадорвски потенцијал. |
| 4 | Инсталација, конфигурирање и работа со сервер.<br><br>Употреба на backup на податоци и можност за restore на истите. | → Серверите не се соодветно искористени од страна на општините.<br><br>→ Во многу мал број на општини се прави редовен backup на податоците и можни се катастрофални последици од таквиот начин на работа. |
| 5 | Инсталација, конфигурирање, ажурирање на интернет страници базирани на JOOMLA | → Овозможување на лесно креирање на интернет страници како и нивно ажурирање преку JOOMLA.<br><br>→ Креирање на JOOMLA template кој би бил употребен за лесно креирање на интернет страници на општините кои немаат задоволителна интернет страница или кои сакаат да ги искористат предностите на JOOMLA и едноставното ажурирање на истата. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 2 дена за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ИКТ2. ДРУГИ ОБУКИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Користење на компјутер, составни делови, и основни правила за работа со компјутер<br><br>Инсталација, конфигурирање и работа со оперативен систем Windows – Control Panel, снимање и отворање на фајлови, сигурносни подесувања<br><br>Користење на интернет и Е-маил<br><br>Антивирусен софтвер | → Осетна е потребата од обука за основни познавања од самиот оперативен систем и негово основно конфигурирање.<br><br>→ Повеќе слободен простор за стручна работа на лицата одговорни за ИТ во општините. |
| 2 | Користење и употреба на апликацијата Microsoft Office:<br><br>Основна обука за Word,<br><br>Основна обука за Excel,<br><br>Основна обука за Power Point,<br><br>Основна обука за дел од Access. | → Потребата од обука за основни познавања од овие апликациии, отварање и снимање на документи, користење на кирилица во пишувањето, работа со табели, подготовка на презентации и работа со бази на податоци<br><br>→ Повеќе слободен простор за стручна работа на лицата одговорни за ИТ во општините. |
| 3 | Користење и употреба на апликациите Corel Draw и Photoshop:<br><br>Основна обука за Corel Draw,<br><br>Основна обука за Photoshop. | → Претежно наменета за вработените во општините кои се задолжени за комунално уредување и урбанизам |
| 4 | Користење и употреба на апликацијата Adobe Dreamviewer<br><br>Основна обука за Adobe Dreamviewer | → Претежно наменета за вработените во општините кои се задолжени за ажурирање на интернет страниците во општините. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 2 дена за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ИКТ3. ОБУКИ ЗА ЗАКОНСКИ РЕГУЛАТИВИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| 1 | Примена на Законот за електронска трговија.<br><br>Примена на Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.<br><br>Примена на Законот за електронско управување | → Вработените недоволно добро ги познаваат прописите и Законите што имаат примена при работа во ИКТ секторите.<br><br>→ Разгледување и на подзаконските акти и разните правилници и нивната примена. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ИКТ4. ОБУКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ, АНАЛИЗИ И МОДЕЛИРАЊЕ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | **Предмет** | **Краток опис** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Управување со проекти (Project Management)<br><br>Теоретска обука<br><br>Практична обука - Софтверски алатки (Microsoft Project и слични комерцијални софтвери и бесплатен софтвер за управување со проекти)<br><br>Практични примери (case study) од локална самоуправа и/или државна управа на локално, регионално и светско ниво | → Разноликоста на пристапот кон оваа проблематика укажува од неопходноста од обуките и унифицирање на пристапот. Неопходни се презентации на примери од успешна примена на овие алатки. |
| 2 | Анализа и моделирање на бизнис процеси<br><br>Теоретска обука<br><br>Практична обука - Софтверски алатки (комерцијални софтвери и бесплатен софтвер за анализа и моделирање на бизнис процеси)<br><br>Практични примери (case study) од локална самоуправа и/или државна управа на локално, регионално и светско ниво. | → Разноликоста на пристапот кон оваа проблематика укажува од неопходноста од обуките и унифицирање на пристапот. Неопходни се презентации на примери од успешна примена на овие алатки. |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 ден за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

## ИКТ5. НОВИ СОФТВЕРСКИ АЛАТКИ И АПЛИКАЦИИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на унифицирани софтверски апликации за издавање на сите документи од областите на ингеренциите на локалните самоуправи:<br><br>Изработка на софтверска апликација за издавање на Одобрение за градба,<br><br>Изработка на софтверска апликација за архивско работење,<br><br>Изработка на софтверска апликација за наплата и евиденција на наплатени даноци,<br><br>Изработка на софтверска апликација за кадровска евиденција,<br><br>Изработка на софтверска апликација за електронска седница на Совет,<br><br>Изработка на софтверска апликација за пополнување на база на податоци за заштита на животната средина. | → Унифицирањето на апликациите би довело до многу поедноставно и полесно добивање на соодветните документи од страна на граѓаните, и ќе овозможи истоветна процедура и начин кон нивното добивање без разлика во кој град документите се бараат.<br><br>→ Соодветна комплементарност на базите на податоци кои ќе се собираат во општините и многу полесно нивно спојување и соодветни споредбени анализи, како на локално ниво, така и на ниво на држава.<br><br>→ Потребата од обуки за изработка на вакви апликации, за разлика од нивна нарачка од некоја ИТ компанија произлегува од неуспешното функционирање на неколку вакви софтвери кои се користат во неколку општини.<br><br>→ Доколку ваква апликација е направена од тим на соодветно обучени лица кои се вклучени во самите општини, ажурирањето и функционирањето на ваквиот софтвер ќе биде многу поедноставно и попрактично, а самите апликации ќе бидат многу пофункционални.<br><br>→ Интернет базирани апликации со користење на локални сервери. Со ова ќе се избегне евентуалното прилагодување на апликациите за различни оперативни системи. |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Обука на државни службеници одговорни за ИТ за употреба и менаџирање со претходно изработените апликации од соодветните служби за кои има изработено апликација од Предмет 1. | → Неопходни за правилно да се користат различни апликации заради потребата од локално администрирање и помош при работа на државните службеници од општината. |
| 3 | Обука на државни службеници за **употреба** на претходно изработените апликации од соодветните служби за кои има изработено апликација од Предмет 1:<br><br>Употреба на софтверска апликација за издавање на Одобрение за градба,<br><br>Употреба на софтверска апликација за архивско работење,<br><br>Употреба на софтверска апликација за наплата и евиденција на наплатени даноци,<br><br>Употреба на софтверска Софтверска апликација за електронска седница на Совет,<br><br>Употреба на софтверска апликација за пополнување на база на податоци за заштита на животната средина. | → Обуката за државните службеници кои ќе користат различни апликации се неопходни заради специфичноста на секоја апликација соодветно.<br><br>→ Применување на соодветниот регионален пристап кон изведувањето на обуките. |

<u>4 – Времетраење</u>

Обуката ќе биде во траење од 2 дена за една регионална група.  Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

<u>(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)</u>

# XI. ОБУКИ ВО ДРУГИ ОБЛАСТИ

## 0 – општи карактеристики

Делот за други обуки е резервиран за обуки кои опфаќаат разни тематики од работата на локалните самоуправи, а кои не спаѓаат во некоја од посебните категориите наведени во рамката за обуки. Темите што ќе се разработуваат произлегуваат исклучиво од предлозите дадени од општинските власти при посетите на ЗЕЛС Тренинг центар тимот направени минатата година.

## 1 – Целни групи (ЦГ)

## 2 – Цели и предмет на учење

### ДО1. АРХИВИРАЊЕ И Е-АРХИВА

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 дена за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)

### ДО2. НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ

3 – Области на знаење и индикативна содржина на обуката

Овој модул ќе се однесува на следната содржина на обуката:

| | Предмет | Краток опис |
|---|---|---|
| 1 | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2 | | |

4 – Времетраење

Обуката ќе биде во траење од 1 дена за една регионална група. Во тек на една година, ќе се реализираат вкупно 4 регионални обуки.

(5– Особености; наведени елементи, коишто не се повторуваат во секоја рамка)



## АНЕКС 1

# ИЗВЕШТАЈ
# од реализираните посети по општините
# за потребите од обука
# на општинската администрација

Во текот на месеците октомври, ноември и почетокот на декември, вработените од ЗТЦ спроведоа посета на општините со цел утврдување на потребите на обуки и проблемите поврзани со нивната секојдневна работа. Посетата беше спроведена од страна на советник-координаторите за обука Ивана Серафимова, Ирена Николов и Ваљон Садики. Посетени беа вкупно 70 општини, или повеќе од 2/3 од општините. Посетите во остантите општини ќе бидат реализирани во наредниот период во договор со општинската администрација од тие општини.

За утврдување на потребите од обука и доусовршување на општинската администрација покрај разговорите со секретар/раководител на одделение/градоначалник(зависно од претходен избор на градоначалникот за контакт лице) беше потполнуван и Прашалник подготвен од ЗТЦ токуму за оваа активност.

Според оодговорите и од непосредните разговори со лицата од овие општини беше утрвдено, следново:

ГЕНЕРАЛНО:

Сите посетени општини имаат потреба од обуки, советувања, конуслтации од областите во надлежност на општината. Речиси сите саакаат тие да бидат организирани, координирани и испорачани од страна на ЗЕЛС, како нивна Асоцијација, која ги претаставува и се грижи за нивните интереси пред институции од централно ниво и на меѓународен план. ***СИТЕ ПОСЕТЕНИ ОПШТИНИ, БЕЗ ИСКЛУЧОК СЕ ЗА ОТВОРАЊЕ И ФИНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР***. Повеќе или помалку, во зависнот од финансиската моќ на општините, се подготвени да одвојат средства за платени обуки за општинската администрација кои се од витално значење за развој и унапредување на нивната работа. *При тоа, за сите, особено за платените обуки да се направи и систем за проверка на знаењето, односно да се обезбеди одржливост во понатамошната примена на знаењето во работата на обучениот, да се утврдат индикатори за примената на стекнатото знаење во работата, кои ќе бидат мерливи од страна на градоначалникот/секретарот. Исто така, да се утврди и систем за мерење на резулатите воопшто од работата на администрацијата(награди, казни)...*

Во однос на екипираноста на општините со потребен стручен кадар е исто така дискутабилно и е во пропорционален однос со финансиската состојба во општината (блокирана сметка, недоволно финансии) е еден од најосновните проблеми во поголем број од општините особено при утврдувањето на потребите за обуки и можноста за нивна посета. Особено што едно лице има повеќе обрвски и покрива повеќе надлежности ( во помалите и рурални општини).

Во однос на поставените прашања содржани во Прашалникот, а кои се однесуваат за делот на обуки, следна е ситуацијата:

1. Дали учествувате на обуките на ЗЕЛС?

| редовно | понекогаш | Не |
|---|---|---|
| 60% | 31% | 6% |

2. Во кои од наведените области имате потреба од обуки?

| Број | Тема на обука | Количина Број | Процент | Рангирање по постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Управна постапка | 61 | 87% | **3** |
| 2 | Јавни набавки | 58 | 83% | **4** |
| 3 | Администрирање со недвижен имот | 65 | 92% | **1** |
| 4 | Даноци | 58 | 82% | **5** |
| 5 | Локален економски развој | 43 | 61% | **12** |
| 6 | Буџетирање и финансиски менаџмент | 56 | 80% | **6** |
| 7 | Рурален развој | 35 | 50% | **17** |
| 8 | Урбанизам и просторно планирање | 58 | 82% | **5** |
| 9 | Односи со јавност | 34 | 48% | **19** |
| 10 | Инспекциски надзор | 64 | 91% | **2** |
| 11 | Општиснки услуги | 43 | 61% | **12** |
| 12 | ИТ услуги | 51 | 72% | **8** |
| 13 | Стратешко планирање | 45 | 64% | **11** |
| 14 | Менаџирање со човечки ресурси | 39 | 56% | **14** |
| 15 | Проектен менаџмент | 35 | 50% | **17** |
| 16 | Комуникациски вештини | 42 | 60% | **13** |
| 17 | Организациски и лидерски вештини | 34 | 49% | **18** |
| 18 | животна средина | 49 | 70% | **9** |
| 19 | Твининг | 42 | 60% | **13** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | Е-општина | 49 | 70% | **9** |
| 21 | Имплементација на нови закони | 52 | 74% | **7** |
| 22 | Етика на локално ниво | 38 | 54% | **15** |
| 23 | Ефикасно управување | 32 | 46% | **20** |
| 24 | Привлекување инвестиции | 48 | 68% | **10** |
| 25 | Вклучување на јавноста | 36 | 52% | **16** |

2. Обука за

3. Која метода е најуспешна и најпродуктивна за пренесување и стекнување на ново знење?

| Број | Вид на метода | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Предавања | 36 | 51% |
| 2 | Работа во групи | 48 | 69% |
| 3 | Практични примери | 41 | 59% |
| 4 | Конференции | 32 | 46% |
| 5 | Периодични обуки | 34 | 49% |
| 6 | Работилница | 39 | 56% |
| 7 | Размена на искуства | 43 | 61% |
| 8 | Работни посети | 41 | 59% |
| 9 | Интерактивно учење | 48 | 69% |
| 10 | Обуки во низа | 31 | 44% |

**Забелешка:** Некои од општините се одлучија и за комбинирана обука од: предавања, практични примери, работилници, размена на искуства и работни посети.

4. Кој формат на времетраење на обука е најадекватен за работа и кон кој можете да се прилагодите според работните обврски:

| Број | Формат на обука | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Еднодневна | 21 | 30% |
| 2 | Дводневна | 42 | 60% |
| 3 | Тродневна | 11 | 16% |
| 4 | Еднодњвена во низа | 10 | 14% |

4. Во која форма е најпрактично да ги добовате материјалите за обука?

| Број | Форма на материјали | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Печатена | 42 | 60% |
| 2 | Е-пошта | 52 | 74% |
| 3 | ЦД | 8 | 11% |

6. Дали досегашните добиени материјали помогнале во извршување на работните задачи?

| Да | Не | Не знам |
|---|---|---|
| 96% | / | 4% |

7. Каде сметате дека е најсоодветно да се одржуваат обуките?

| Број | Место на одржување | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Во вашата општина | 9 | 13% |
| 2 | ЗЕЛС зграда | 11 | 16% |
| 3 | Регионално | 56 | 80% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Друго место | 3 | 4% |

8. Дали сметате дека треба да има Тренинг центар на општините во рамки на ЗЕЛС?

| Да | Не | Не знам |
|---|---|---|
| 99% | / | 1% |

9. Дали Вашата општина има предвидено буџет за обука на вработените, како законска обврска

| Да | Не | Не знам |
|---|---|---|
| 67% | 7% | 1% |

10. Колку часа во еден ден е најдобро да трае една обука( со вклучени паузи)?

| Број | Времетраење на обука | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | 3- 4 часа | 15 | 21% |
| 2 | 5 часа | 25 | 36% |
| 3 | 6 часа | 29 | 41% |
| 4 | Повеќе | 5 | 7% |

11. Колку вкупно обуки годишно можете да посетувате, согласно вапето време, работни обврски и буџет за тоа?

| Број | Број на обуки | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Една | 1 | 1% |
| 2 | Две | 5 | 7% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Три | 24 | 34% |
| 4 | Четири | 21 | 30% |
| 5 | Пет | 8 | 11% |
| 6 | Повеќе | 13 | 19% |

Коментар: зависи од котизацијата, и доколку се рационални

12. Колку лица од Вашата општина можат годишно да учествуваат во обуките на ЗЕЛС?

| Број | Број на лица | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | 1-3 лица | 5 | 7% |
| 2 | 4-6 лица | 20 | 29% |
| 3 | 6-10 лица | 30 | 43% |
| 4 | Повеќе | 10 | 14% |

13. Според Вас, најуспешна обука е водена од:

| Број | Број на обучувачи | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 обучувач | 11 | 16% |
| 2 | 2 обучувачи | 48 | 69% |
| 3 | Повеќе | 1 | 1% |

Коментар: зависи од темите

14. Во кој обучувач имате најголема доверба дека ќе Ви го пренесе најточно и најсоодветно тоа што ви е потребно:

| Број | Број на обучувачи | Количина<br>Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Домашни консултанти | 36 | 51% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Странски консултанти | 9 | 13% |
| 3 | Обучувачи од соодветни државни институции | 49 | 70% |
| 4 | Комбинирано | 3 | 4% |

15. Дали сте доброинформирани за обуките што ги спроведува ЗЕЛС за ЕЛС?

| Да | Не | Не знам |
|---|---|---|
| 86% | 4% | 10% |